# Универзитетски гласник

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник
на издавачката дејност на
УКИМ*
**Проф. д-р Биљана Ангелова,
ректор**

*Уредник
на Универзитетски гласник*
**м-р Марија Маневска,
генерален секретар**

*Лектор*
**Весна Илиевска Цветановска**

*Техничко уредување*
**Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска**

## СОДРЖИНА

**ОДЛУКА**
за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Градежен факултет – Скопје ........ 2

**ОДЛУКА**
за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Градежен факултет – Скопје ........ 11

**ОДЛУКА**
за изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер –Скопје . 14

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21 и бр. 58/24), Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Сл. весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022) и член 55, став 1, точка 13 од Статутот на Градежниот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот, на 548. седница одржана на 19.2.2025 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет – Скопје

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет – Скопје (во понатамошниот текст: Одлуката), се утврдуваат платите, надоместоците, додатоците на плата и другите надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

**Член 2**

Вработеното лице има право на плата согласно со закон, Колективниот договор, Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Правилникот) и оваа одлука.

Покрај плата, вработеното лице има право и на надоместоци и додатоци на плата поврзани со работата и вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски согласно со закон, Колективниот договор, Правилникот и оваа одлука.

**Член 3**

Платата, надоместоците и додатоците на плата на вработеното лице се утврдуваат и се исплатуваат на начин, услови, критериуми и во постапка утврдени со закон, Колективниот договор за високо образование и наука, Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), оваа одлука и договорот за вработување.

**Член 4**

На вработените им се исплатува плата еднаш месечно во паричен износ, на трансакциски сметки.

Платата, придонесите, даноците и другите давачки на платата и надоместоците на вработеното лице се исплаќаат од средствата стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија и средствата стекнати од сопствени приходи.

**Член 5**

Факултетот ја изразува вкупната плата врз основа на сопствена утврдена методологија, во согласност со Законот за високото образование, Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (во понатамошниот текст: Колективниот договор) и одредбите на оваа одлука.

**Член 6**

Факултетот е должен да води евиденција за платите, додатоците и надоместоците на платите, како и на исплатените придонеси и додатоци од плата, а на вработениот да му издаде пресметковна листа за исплатена плата.

### II. ПЛАТА

**Член 7**

Платата на вработените се состои од:

1. Основна компонента на плата, која се состои од:
   – основна бруто плата,
   – дел од плата за работен стаж.
2. Исклучителна компонента на плата, која се состои од:
   – дел од плата за работна успешност,
   – додатоци и надоместоци.

**1. Основна компонента на плата**

**Член 8**

Основната плата на вработениот за полно работно време се утврдува така што износот на минималната плата во Република Северна Македонија утврдена согласно со законот, се множи со коефициентот по назив/звање на работните места согласно со Колективниот договор.

Коефициентите на сложеност по назив/звање на работните места за пресметување на основната бруто плата која се исплаќа од основниот Буџет на Министерството за образование и наука се утврдени со Законот за високото образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21 и бр. 58/24) и Колективниот договор.

Основната компонента на плата за секое пополнето работно место согласно со Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Градежен факултет – Скопје (во натамошниот текст: Правилникот за систематизација) се исплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија во согласност со Колективниот договор.

Листата на работни места со основната бруто плата е составен дел на оваа одлука.

**Член 9**

За да стекне плата, вработеното лице е должно да ја извршува работата утврдена во Правилникот за систематизација во полно работно време, односно 40 часа неделно. Извршувањето на работата треба да биде квалитетно, редовно, навремено, целосно и точно, согласно со Правилникот за систематизација.

**Член 10**

На Факултетот се утврдени следниве групи на сложеност на работните задачи:

1.1. За лицата избрани во наставно-научни и соработнички звања (наставен кадар):
- I група на сложеност – асистент, стручен соработник;
- IV група на сложеност – доцент, вонреден професор и редовен професор, или по категории:

а) Категорија А – наставно-научни звања:
- ниво А1 – редовен професор
- ниво А2 – вонреден професор
- ниво А3 – доцент.

б) Категорија В – соработнички звања:
- ниво В1 – асистент
- ниво Г2 – виш лаборант – технички соработник
- ниво Г3 – лаборант.

1.2. За вработените во Стручната и административна служба (ненаставен кадар):
- I група на сложеност – основно образование, односно НК-работник
- II група на сложеност – средно образование
- III група на сложеност – VI Б или више образование
- IV група на сложеност – VI A или високо образование,

или по нивоа/категории:
- ниво А2 – секретар на Факултетот

б) Категорија Б
- ниво Б4 – раководител на одделение

в) Категорија В
- ниво В1 – советник

г) Категорија Г
- ниво Г1 – самостоен референт.

1.3. За помошно-технички кадар на Факултетот:

а) Категорија ПГ
- ниво ПГ1 – одржувач на хигиена
- ниво ПГ2 – чувар
- ниво ПГ5 – економ домаќин и курир.

**Коефициент на сложеност на работни места**
**Член 11**

Коефициентот на сложеност на работните места за пресметување на основната бруто плата на вработените на Факултетот изнесува:

**Наставен кадар**

| **Назив на работното место** | **Коефициент на сложеност** | |
|---|---|---|
| | од 1.1.2024 г. | од 1.1.2025 г. |
| Редовен професор | 3,74 | 4,4 |
| Вонреден професор | 3,4 | 4,0 |
| Доцент | 3,06 | 3,6 |
| Асистент | 2,295 | 2,7 |
| Виш лаборант – технички соработник | 2,125 | 2,5 |
| Лаборант | 1,36 | 1,6 |

**Ненаставен кадар**

| **Назив на работното место** | **Коефициент на сложеност** | |
|---|---|---|
| | од 1.1.2024 г. | од 1.1.2025 г. |
| Секретар на Факултетот | 3,06 | 3,6 |
| Раководител на одделение | 2,295 | 2,7 |
| Советник | 1,955 | 2,3 |
| Самостоен референт | 1,445 | 1,7 |
| Помошно-технички лица со средно образование | 1,2 | 1,44 |
| Помошно-технички лица со основно образование | 1,1 | 1,2 |

Работните места во наставниот и ненаставниот кадар од исто ниво можат да имаат различна плата од делот на сопствените приходи согласно со сложеноста, одговорноста и обемот на работните задачи.

Доколку на работно место за кое е предвиден понизок степен на стручна подготовка е вработен, односно работи вработено лице со повисок степен на стручна подготовка, платата му се исплатува според коефициентот на сложеност утврден за работното место.

**Член 12**

Платата на вработено лице не смее да биде во понизок износ од утврдената висина на минималната плата на национално ниво.

***Мерила и критериуми за остварување основна плата***

**Член 13**

Основната плата на наставниците по одделни работни места, со полно работно време, се остварува за извршување настава на прв и/или втор циклус студии во обем од 180 часа годишно, при што:

- еден час предавање е еквивалентен на еден час настава;
- подготовка за три часа предавања е еквивалентна на еден час настава;
- консултации со 5 студенти се еквивалентни на еден час настава;
- консултации при изработка на дипломска работа се еквивалентни на 10 часа настава;
- континуирано оценување на 5 студенти се еквивалентни на еден час настава;
- завршна проверка на знаење на 3 студенти е еквивалентна на еден час настава.

Основната плата на соработниците со полно работно време се остварува за извршување вежби на прв и/или втор циклус во обем од 360 часа годишно при што:

- еден час аудиториски вежби е еквивалентен на еден час вежби;
- подготовка за два часа вежби е еквивалентна на еден час вежби;
- еден час теренски вежби е еквивалентен на два часа вежби;
- консултации при изработка на дипломска работа се еквивалентни на 5 часа вежби;
- консултации со 5 студенти се еквивалентни на еден час вежби;
- бројот на еквивалентни часови вежби за корекции и прием на домашни задачи, подготовка на задачи, проектни задачи, семинарски работи и сл. се определува согласно со следната формула:

  ЕЧ=(А/Б)*В

  ЕЧ – еквивалентен час

  А – број на запишани студенти

  Б – нормативен број на студенти во група

  В – вкупен број часови вежби за корекции, прием на домашни задачи, подготовка на задачи, проектни задачи, семинарски работи и сл. во семестар, каде што:

- Б=12 е нормативен број на студенти во група за стручен предмет;
- Б=20 е нормативен број на студенти во група за стручно-теоретски предмет;
- Б=35 е нормативен број на студенти во група за теоретски предмет.

За предмети со помалку од 5 запишани студенти, вреднувањето на ангажманот на наставниците и соработниците за реализација и подготовка на предавања (став 1, алинеи 1 и 2) и вежби (став 2, алинеи 1 и 2) се врши пропорционално на бројот на запишани студенти во однос на група од 5 студенти.

До исполнување на 40-часовната работна недела, наставниот кадар врши и други работи за кои добива основна плата:

- научноистражувачка работа и објавување на резултатите од истражувањата во научно-стручни списанија, водење и учество во научноистражувачки проекти;
- презентирање резултати од научноистражувачката работа на конференции, симпозиуми, конгреси, семинари и сл.;
- вршење стручно-апликативна дејност;
- континуирано стручно и научно усовршување;
- учество во работата на органите на Факултетот (Наставно-научен совет, Деканатска управа, Наставно-научен колегиум, Совет на докторски студии и сл.);
- други активности поврзани со наставно-образовниот процес.

**Член 14**

Наставно-научниот совет, врз основа на претходно писмено образложено барање од катедрата, односно одделот, може да утврди зголемен обем на работа на наставник или на соработник, поради привремена замена на наставник или соработник, од иста или блиска научна област.

**Член 15**

Доколку наставникот, односно соработникот не ги исполнува критериумите од член 13 од оваа одлука за остварување основна бруто плата, тогаш наставникот или соработникот се ангажира без надоместок на работни задачи наведени во член 36 од оваа одлука.

**Член 16**

Врз основа на мерилата и критериумите од оваа одлука и распоредот на работите на наставниците и соработниците, кој се утврдува од страна на Наставно-научниот совет пред почетокот на учебната година, односно пред почетокот на семестарот, деканот донесува решение за износот за исплата на плата.

Доколку во текот на учебната година, односно во семестарот настанат промени во обемот на работите на наставниците и

соработниците или други промени кои имаат влијание на износот на платата, деканот донесува ново решение.

На крајот од семестарот, наставниците и соработниците до деканот поднесуваат извештај за извршената работа, аконтативно утврдена во став 1 од овој член.

Против решениeто од ставовите 1 и 2 на овој член, наставникот, односно соработникот, има право на жалба до Деканатската управа, во рок од 8 дена од денот на приемот.

Одлуката по жалбата е конечна.

**Член 17**

Основната плата на вработените од ненаставниот кадар се утврдува за полно работно време во вршењето на работата утврдена во Правилникот за систематизација.

Полното работно време за ненаставниот кадар се остварува во петдневна работна недела.

По исклучок, работното време за работниците од редот на помошно-техничкиот персонал може да се уреди со одлука на Факултетот или со акт за вработување.

Почетокот, распоредот и завршувањето на работното време, за работниците од ненаставниот кадар, се утврдуваат од страна на деканот на Факултетот.

***Дел од плата за работен стаж***

**Член 18**

Делот од плата за работниот стаж за работникот се вреднува во износ од 0,5 % од основната плата, за секоја навршена година, а најмногу до 20 %.

**2. Исклучителна компонента на плата**

**2.1. Дел од плата за работна успешност**

**Член 19**

Основната плата на вработено лице по основ на работна успешност и покажани резултати во текот на месецот, може да се зголеми до 30 %.

Делот од плата за работна успешност се утврдува во зависност од следниве критериуми:

- вонредно и натпросечно оптоварување на вработеното лице;
- зголемен обем на работа на вработеното лице;
- предвремено и квалитетно извршување на работите од вработеното лице.

Висината на средствата за делот од платата за работна успешност се исплатува од сопствени приходи на Факултетот, доколку за тоа има обезбедено средства.

***Мерила и критериуми за остварување дел од плата за работна успешност***

**Член 20**

На вработеното лице му се исплаќа дел од плата за работна успешност, за:

- извршени работи и задачи утврдени со актот за организација и систематизација на работите и работните задачи (работни места), доколку тие работи се извршени за обем поголем од 25 % од обемот кој претставува просечен (нормален) работен учинок;
- креативност и инвентивност во извршените работи;
- посебен придонес во подобрување на квалитетот на реализираните работи.

**Член 21**

Работната успешност на наставниот и соработничкиот кадар на Факултетот ја следат раководителите на катедрите и одделите на Факултетот.

Работната успешност на вработените од ненаставниот кадар ја следи секретарот на Факултетот.

Раководителите на катедрите и одделите на Факултетот, односно секретарот на Факултетот изготвуваат извештај за вработено лице, односно за вработените кои ја оствариле работната успешност и ја предлагаат висината на делот на плата за работна успешност со посебен предлог.

Предлогот за зголемување на основната плата по основ на работна успешност, за настав-ниците и соработниците и за вработените од ненаставниот кадар, се разгледува и усвојува од страна на Деканатската управа на Факултетот.

**2.2. Додатоци на плата**
**Функционален додаток на плата**

**Член 22**

За вршење на раководни функции на Факултетот следува додаток за:

– декан;
– продекан;
– раководител на катедра.

Висината на функционалниот месечен додаток на основната плата на работникот се пресметува во согласност со следнава табела:

| Назив на раководната функција | Процентуално во однос на минималната бруто плата |
|---|---|
| Декан | 85,0 % |
| Продекан | 62,5 % |
| Раководител на катедра | 17,0 % |

Функционалниот додаток на плата за извршување на раководни функции од овој член се исплатува месечно, од започнувањето на извршувањето на функцијата, па до нејзиното престанување.

**Додаток на плата за научен степен**

**Член 23**

Ненаставниот кадар има право на додаток за плата за стекнат научен степен – магистер на науки во висина од 0,2 коефициент, односно за стекнат научен степен – доктор на науки во висина од 0,4 коефициент.

Додатокот утврден во претходниот став се исплаќа од сопствени приходи, доколку за тоа постојат услови.

**Додаток на плата пред пензионирање**

**Член 24**

Вработено лице кое е пет години пред исполнување на услов за старосна пензија има право на додаток во висина од 1 % од основната плата на работникот, кој се исплаќа од сопствените средства на Факултетот.

Доколку по изминувањето на петте години, работникот и понатаму остане во работен однос и го продолжи договорот за вработување согласно со закон, потпишува изјава со која потврдува дека го искористил правото за исплата на додаток од 1 % по основот од став 1 на овој член.

**4.5. Додатоци на плата врз основа на работно време**

**Член 25**

Основната плата на работникот се зголемува по час за: прекувремена работа, ноќна работа, работа во три смени, работа за време на неделен одмор и работа за време на празници утврдени со закон.

Надоместоците за извршените активности од став 1 на овој член се определени со Колективниот договор и се обезбедуваат од основниот буџет на Министерството за образование и наука.

Додатоците на плата од став 1 на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

**III. НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ПОВРЗАНИ СО РАБОТАТА**

**Член 26**

Вработените имаат право на надоместоци од плата и надомест на трошоци поврзани со работата, согласно со закон и Колективниот договор.

***Надоместок за годишен одмор (регрес)***

**Член 27**

На вработеното лице му се исплатува надоместок за годишен одмор (регрес), а висината на регресот за годишен одмор изнесува најмногу 60 % од основицата, под услов вработеното лице да работело најмалку 6 месеци во календарската година

кај ист работодавач.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината.

Износот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на одлуката за исплата од страна на Наставно-научниот совет.

Факултетот може да исплати регрес за годишен одмор, доколку за тоа има обезбедено средства од сопствените приходи.

***Надоместок за јубилејни награди***

**Член 28**

За 15 години непрекината работа, Факултетот му доделува на вработениот јубилејна награда во висина од 100 евра во денарска противвредност.

**Член 29**

***Исплата на средства како подарок за заминување во пензија***

За заминување во пензија, Факултетот му исплаќа средства како подарок на вработениот во висина од една просечна плата во Република Северна Македонија.

## IV. НАДОМЕСТОК ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИ РАБОТИ И ЗАДАЧИ КОИ НЕ СПАЃААТ ВО РЕДОВНИ РАБОТНИ ОБВРСКИ

**Член 30**

На членовите на наставниот кадар на Факултетот може да им се исплати надоместок за вршење на работи и задачи што не спаѓаат во редовни работни обврски за:

- извршување настава за реализација на прв и втор циклус студии над нормираниот обем утврден со член 13 од оваа одлука;
- реализација на применувачка, односно апликативна високостручна дејност;
- извршување работи за реализација на трет циклус студии;
- учество во рецензентски комисии;
- настава на друга единица од Универзитетот;
- настава надвор од Универзитетот;
- активности во реализација на курсеви, семинари, перманентно образование и сл.;
- вршење работи на научноистражувачки проекти;
- учество во работа на комисии, работни и стручни тела, работни групи и сл.

Трошоците за надоместоци за вршење на дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовни работни обврски се исплаќаат од сопствени приходи на Факултетот, доколку за тоа има обезбедено средства.

***Надоместок за извршување настава за реализација на прв и/или втор циклус студии над нормираниот обем***

**Член 31**

За изведување настава (предавања и вежби) над нормиранот обем утврден со член 13 од оваа одлука и за менторство и учество во комисии за изработка и одбрана на магистерски трудови, на наставниците и соработниците може да им се исплати надомест изразен во бодови, и тоа:

- на наставник – во износ од 9 бода за 1 час настава;
- на соработник – во износ од 6 бода за 1 час настава;
- за менторство на магистерски труд – во износ од 300 бода;
- за учество во комисија за оцена и одбрана на магистерски труд, и тоа: за претседател на комисијата – во износ од 100 бода, а за член на комисија – 50 бода.

Надоместокот за изведување настава над нормираниот обем, односно вредноста на бодот, се определува врз основа на расположливите средства на Факултетот стекнати од упис на студенти, согласно со одлука на Деканатската управа.

Бруто надоместокот за изведување настава над нормираниот обем на годишно ниво може да изнесува најмногу 10 % од основната годишна нето плата на вработеното лице.

Пресметката и исплатата се вршат по завршување на учебната година, а врз основа на поднесени извештаи за реализирана настава по семестри.

***Надоместок за реализација на* применувачка, односно апликативна високостручна дејност**

**Член 32**

Средствата кои се стекнати по основ на применувачка, односно апликативна високостручна дејност се распределуваат согласно со Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Градежен факултет – Скопје.

Средствата се распределуваат врз основа на извештај доставен од страна на раководителот на проектот.

Средствата кои се издвојуваат за асистентскиот и ненаставниот кадар се распределуваат пропорционално на коефициентите дефинирани во член 11 од оваа одлука.

Деканот го прифаќа или го коригира предлогот за распределба и донесува конечно решение за исплата.

***Надоместок за извршување работи за реализација на трет циклус студии***

**Член 33**

Начинот на регулирање на надоместокот за изведување настава на трет циклус студии на единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” и надвор од него се утврдува согласно со важечката Одлука за начин на регулирање на средства како надомест за студирање на трет циклус студии на студиските програми по градежништво и геодезија при Градежниот факултет во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, и нивна распределба.

***Надоместок за учество во рецензентски комисии***

**Член 34**

За учество на наставникот во рецензентска комисија за оцена на учебник или учебно помагало може да му се исплати надомест во висина дефинирана согласно со Одлуката за организирање на издавачката дејност на Градежниот факултет во Скопје бр. 0202/140-38 од 2.3.2023 г.

Средства за надоместок за учество во рецензентски комисии се исплаќаат од сопствени приходи на Факултетот, доколку за тоа има обезбедено средства.

***Надоместок за настава на друга единица од Универзитетот***

**Член 35**

Изведувањето настава на друга единица од Универзитетот се регулира со меѓусебен договор помеѓу единиците на Универзитетот.

Часовите предавања, за наставниците, и часовите вежби, за соработниците, се третираат како настава на Факултетот.

Средствата за реализација на наставно-образовната дејност што се изведува на друга единица на Универзитетот, единиците ги регулираат согласно со Одлуката за начинот на утврдување на цената на наставно-образовната дејност што се изведува на нематичните факултети и институти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

***Надоместок за настава надвор од Универзитетот***

**Член 36**

Изведувањето настава надвор од Универзитетот се регулира со меѓусебен договор помеѓу Факултетот и барателот на услугата.

Часовите предавања, за наставниците, и часовите вежби, за соработниците, се третираат како настава на Факултетот.

***Надоместок за активности во реализација на курсеви, семинари, перманентно образование и сл.***

**Член 37**

Средствата кои се стекнати по основ на реализација на курсеви, семинари, перманентно образование и сл. се распределуваат согласно со Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Градежен факултет – Скопје.

***Надоместок за вршење работи на научноистражувачки проекти***

**Член 38**

Од приходите остварени по основ на вршење работи на научноистражувачки

проекти, по одбивањето на материјалните трошоци и наменските средства, остатокот се распределува на извршителите по предлог на раководителот на проектот, согласно со финансискиот план на проектот. Решение за распределба на средствата донесува деканот.

***Надоместок за учество во работа на комисии, работни групи, тела и сл.***

**Член 39**

На членови на комисии, работна групи, тела и сл. формирани од орган на Факултетот, за изготвување нормативни акти, експертски анализи, стручни материјали и други активности, може да им се исплаќа надоместок во зависност од обемот и степенот на сложеност на работните задачи.

Членови на комисија, работна група, тело и сл. можат да бидат наставници, соработници и лица од Централната стручна и административна служба на Ректоратот, Стручната и административна служба на Факултетот и надворешни лица.

Органот кој ја формирал комисијата ја утврдува висината и формата на исплата на надоместокот кој може да им биде доделен на членовите. Пресметката се врши на крајот од учебната година, а врз основа на извештај доставен од страна на претседателот на комисијата.

Решение за распределба на средствата донесува деканот врз основа на одлука усвоена на Деканатската управа.

## V. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ОД СТРАНА НА ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ВРАБОТЕНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 40**

На ангажиран наставник во насловно звање, истакнат стручњак од практиката, демонстратори, како и на други лица – учесници во реализација на студиската програма може да им се исплаќа надомест за одржан час настава, односно учество во наставата.

Надоместоците од став 1 на овој член се исплатуваат врз основа на поднесен извештај од страна на учесниците во изведувањето на наставата, одобрен од раководителот на катедрата.

Деканот предлага висина на надоместок за ангажманот на лицата наведени во став 1 од овој член, кој се усвојува на Деканатската управа и изготвува решение за исплата на надоместокот.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

За сè што не е предвидено со оваа одлука се применуваат одредбите од Законот и Колективниот договор, други прописи и актите на Универзитетот кои ја регулираат оваа материја.

**Член 42**

За сите активности започнати пред стапувањето во сила на оваа одлука ќе се применуваат постојните мерила и критериуми за распределба на средствата.

**Член 43**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за плати, надоместоци, додатоци и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на плата на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 601/2022).

**Член 44**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Горан Марковски, с.р.**

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/21 и бр. 58/24) и член 55, став 1, точка 13 од Статутот на Градежниот факултет Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/19), Наставно-научниот совет на Факултетот, на 548. седница одржана на 19.2.2025 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Градежен факултет – Скопје

### I. Општи одредби

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат основите за стекнување и распределување на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Градежен факултет – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

### II. Основи за стекнување на вкупниот приход

**Член 2**

Факултетот го стекнува вкупниот приход врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица (во натамошниот текст: образовни услуги);
- вршење научноистражувачки услуги на домашни и странски физички и правни лица (во понатамошниот текст: научноистражувачки услуги);
- вршење применувачки, односно апликативни високостручни услуги (изработка на проекти, стратегии, подготовка на студии, ревизии на проекти, ревизија на извештаи, подготовка на вештачења, мислења, експертизи, лабораториски испитувања, теренски испитувања и мерења и сл.) на домашни и странски правни и физички лица;
- други основи.

### II.1. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги

#### 1. Стекнување приход врз основа на вршење образовни услуги за прв и втор циклус студии

**Член 3**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење образовни услуги за прв и втор циклус студии од:

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- партиципација и школарина за студирање и од други давачки на студентите;
- приходи од давање образовни услуги на други високообразовни единици во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот) и на други универзитети во земјата и во странство;
- други извори.

Приходот од Буџетот на Република Северна Македонија се стекнува врз основа на мерилата и критериумите за финансирање на високообразовната и научноистражувачката дејност на високообразовните установи согласно со закон и другите прописи кои ја регулираат оваа материја.

Приходот од партиципација и од школарина за студирање од страна на студентите, како и приходот од школарина од странски студенти се стекнува врз основа на Конкурсот за запишување студенти и акт за други давачки на студентите.

Приходот од давање образовни услуги на други високообразовни установи се стекнува врз основа на актите на Универзитетот, актите на Факултетот и договорите со високообразовните установи.

#### 2. Стекнување на приход врз основа на вршење образовни услуги за трет циклус студии

**Член 4**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење образовни услуги за трет циклус студии од школарина од физички и правни лица за реализација на тие студии.

Приходот од став 1 на овој член се стекнува врз основа на Конкурс за запишување студенти на трет циклус студии на Универзитетот и акт за други давачки на студентите.

**3. Стекнување приход врз основа на вршење други видови образовни услуги**

**Член 5**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење други образовни услуги, како:

- курсеви за стекнување на специфични стручни знаења;
- форми за усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето кои не се сметаат за студии;
- перманентно образование;
- семинари, работилници, симпозиуми и сл.;
- други образовни услуги.

**II.2. Стекнување приход врз основа на вршење научноистражувачки услуги**

**Член 6**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење научноистражувачки услуги од:

- Буџетот на Република Северна Македонија;
- физички и правни лица од земјата и од странство;
- меѓународни институции и организации;
- други извори.

**II.3. Стекнување приход врз основа на вршење применувачки, односно апликативни високостручни услуги**

**Член 7**

Факултетот стекнува приход врз основа на вршење применувачки, односно апликативни високостручни услуги од:

- правни и физички лица од земјата и од странство;
- други извори.

**II.4. Стекнување приход по други основи**

**Член 8**

Факултетот стекнува приход и врз основа на:

- издавачка дејност;
- наемнини и закупнини;
- продажба на расходувани основни средства, ситен инвентар и др.;
- донации (легати, подароци, завештанија и прилози);
- други извори.

**III. Планирање на стекнувањето и распределбата на вкупниот приход**

**Член 9**

До крајот на календарската година, Факултетот донесува Годишен финансиски план за вкупните приходи и нивното користење за наредната година (во натамошниот текст: Годишниот финансиски план).

Годишниот финансиски план се разработува по квартали, сметки, програми, потпрограми и ставки.

**IV. Распределба на вкупниот приход**

**IV.1. Општа распределба на вкупниот приход**

**Член 10**

Вкупните приходи што ги остварува Факултетот се распределуваат на следниов начин:

- надоместоци на плата;
- надоместоци на трошоци поврзани со работа на лицата во работен однос на Факултетот;
- за научноистражувачка и издавачка дејност;
- за остварување на интегративните и други дејности на Универзитетот согласно со актите на Универзитетот;
- за материјалните и нематеријалните трошоци на работењето;
- за надоместоци за вршење дополнителни работи и задачи кои не спаѓаат во редовните работни обврски на лицата во работен однос на Факултетот;
- за надоместоци на лица ангажирани по друг основ;

- за вонредни расходи;
- друго.

**IV.2. Поединечна распределба на приходите**

**Член 11**

Приходите стекнати од Буџетот на Република Северна Македонија се користат исклучиво за намената за којашто се доделени.

**Член 12**

Приходите стекнати по основ на партиципација и школарина за студирање и од други давачки на студентите од прв циклус студии се распределуваат на следниов начин:

- за остварување на интегративните и други дејности на Универзитетот согласно со актите на Универзитетот;
- 40 % од остварените средства од партиципации и школарини се издвојуваат согласно со Законот за високото образование и важечките акти на Универзитетот;
- остатокот за реализација на активностите на Факултетот во согласност со Годишната програма за работа и Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

**Член 13**

Приходите стекнати по основ на школарина за студирање и од други давачки на студентите од втор циклус студии се распределуваат на следниов начин:

- за остварување на интегративните и други дејности на Универзитетот согласно со актите на Универзитетот;
- 40 % за развој на наставната и научноистражувачката дејност на Факултетот и мобилноста на наставно-научниот кадар;
- остатокот за реализација на активностите на Факултетот во согласност со Годишната програма за работа и Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

**Член 14**

Приходите стекнати по основ на реализација на трет циклус студии се распределуваат во согласност со Правилникот за утврдување на износот на трошоците за студирање на третиот циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот и Одлуката за начин на регулирање на средства како надомест за студирање на трет циклус студии на студиските програми по градежништво и геодезија при Градежниот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, и нивна распределба.

**Член 15**

Приходите стекнати по основ на вршење работи на научноистражувачки проекти се распределуваат со одлука од деканот и согласно со финансискиот план на проектот.

**Член 16**

Приходите стекнати по основ на високостручна апликативна дејност или по основ реализација на образовни услуги (обуки, курсеви, семинари и сл.) надвор од редовните наставни активности се распределуваат на следниов начин:

- за остварување на интегративните и други дејности на Универзитетот согласно со актите на Универзитетот;
- 17 % за реализација на активности на Факултетот;
- надомест за покривање на трошоците произлезени од користење на лабораториски услуги, опрема и инструменти, како и на други остварени материјални трошоци на проектот.

Остатокот се распределува на учесниците во согласност со Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и

други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Факултетот.

**V. Преодни и завршни одредби**

**Член 17**

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за стекнување и распределба на вкупниот приход на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр. 204/2012).

**Член 18**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Горан Марковски, с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за единствените основи за утврдување на платите и надоместоците на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 161/2010), Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 287/2022 година) и член 66, став 1, точка 13 од Статутот на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 446/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 17.2.2025 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за плати, надоместоци и додатоци на плата и други надоместоци од дополнителните средства од сопствени приходи на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје (Универзитетски гласник бр. 672/2024).

**Член 2**

Се менува табелата во член 10 од одлуката и таа гласи:

| „Шифра на работното место | Назив на работното место/звањето (наставно-научен кадар) | Бодови |
|---|---|---|
| ОБН 03 02 А01 001 | Редовен професор | 4400 |
| ОБН 03 02 А02 001 | Вонреден професор | 4000 |
| ОБН 03 02 А03 001 | Доцент | 3600 |
| ОБН 03 02 В01 001 | Асистент | 2700 |
| ОБН 03 02 Г01 003 | Стручен соработник – технички раководител на ЛТМ | 2500 |
| ОБН 03 02 Г02 003 | Стручен соработник – виш лаборант во ЛТМ | 2500 |
| ОБН 03 02 Г03 001 | Стручен соработник – лаборант во ЛТМ | 1600" |

**Член 3**

Се менува табелата во член 11 од одлуката и таа гласи:

| „Шифра на работното место | Назив на работното место/звањето (Стручна и административна служба) | Бодови |
|---|---|---|
| ОБН 01 02 А02 001 | Секретар | 3600 |

| | | |
|---|---|---|
| ОБН 01 02 Б04 001 | Раководител на Одделението за правни и општи работи | 2700 |
| ОБН 01 02 Б04 011 | Раководител на Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење | 2700 |
| ОБН 01 02 Б04 005 | Раководител на Одделението за студентски прашања | 2700 |
| ОБН 01 02 В01 008 | Советник за библиотечно работење | 2300 |
| ОБН 01 02 В02 006 | Виш соработник за ЕКТС | 2100 |
| ОБН 01 02 В03 011 | Соработник за финансиско, сметководствено и материјално работење | 2000 |
| ОБН 01 02 Г01 010 | Самостоен референт архивар | 1700 |
| ОБН 01 02 Г01 008 | Самостоен референт за благајна | 1700 |
| ОБН 01 02 Г01 001 | Самостоен референт технички секретар во ЛТМ | 1700 |
| ОБН 0102 Г02 006 | Виш референт администратор во студентски прашања | 1600 |
| ОБН 04 01 А01 006 | Хаусмајстор | 1400 |
| ОБН 04 05 А01 001 | Курир | 1400 |
| ОБН 04 02 А01 001 | Чувар | 1300 |
| ОБН 04 01 А01 001 | Хигиеничар | 1200“ |

**Член 4**

Се менува член 30 од Одлуката и тој гласи:

„Од приходот што го остварува Факултетот од дејноста на Лабораторијата за тестирање на мебел во тековната година, 38 % се издвојуваат за Факултетот, 5 % за Универзитетот, 30 % од средствата се користат за одржување и осовременување на Лабораторијата и 27 % за надомест на вршителите на работите.

На вршителите на работите, согласно со нивното учество и вложениот ангажман, надоместот од 27 % се распределува на следниов начин:

а) Експертско мислење од поставувачот на методата: 10 % од издадена фактура.

б) Техничко мислење од стручните лица кои ја спроведуваат методата:

- раководител на лабораторијата – 3,5 % од издадена фактура
- стручен соработник – технички раководител на лабораторијата – 3,5 % од издадена фактура
- стручен соработник – виш лаборант – 1,5 % по лице (или 4,5 % за три лица) од издадена фактура
- стручен соработник – лаборант – 1 % од издадена фактура.

в) Стручна и административна служба – 4,5 % од издадена фактура.

Исплатата за техничко и експертско мислење се врши врз основа на поднесениот квартален извештај од раководителот на Лабораторијата за извршените тестирања, одлука на Деканатската управа и врз основа на решение кое го потпишува деканот.

Секретарот на Факултетот поднесува квартален извештај до Деканатската управа на Факултетот за учеството на вработените од Стручната и административна служба.

Исплатата на надоместокот за техничко мислење се исплаќа над нормиран обем од извршени 30 тестирања, но не повеќе од 300 тестирања.“

**Член 5**

По член 43 се додава нов член 44, кој гласи:

**„Додаток на плата пред пензионирање**

За работникот кој е пет години пред исполнување на услов за старосна пензија се утврдува право и висина на додаток до 15 % од основната плата (на дел од средства обезбедени од буџет) на работникот, кој се исплаќа од сопствени приходи.

Правото и висината на додатокот од став 1 на овој член ќе се применуваат за работник со навршени 57 години, за жени, односно со навршени 59 години, за мажи.

Доколку по изминување на петте години, работникот и понатаму остане во работен однос и го продолжи договорот за вработување согласно со законот, нема право на користење додаток на плата по овој основ, за што потпишува изјава дека го искористил правото за висина на додаток. Доколку работникот одбие да потпише ваква изјава, тоа се докажува со потврда издадена од сметководство.

Одлука за висината и исплатата на додатокот донесува Деканатската управа, доколку Факултетот има обезбедено средства од сопствени приходи за таа намена.

Одредбите од овој член важат само за членовите на Сојузот на синдикати на вработените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Синдикатот).“

**Член 6**

Членовите 44, 45 и 46 стануваат членови 45, 46 и 47.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**Декан**
**Проф. д-р Ѓорги Груевски, с.р.**